Бр. 09 - 1961/2
16 -08- 2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26, член 38 став 3 и став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и првата седница одржана на 12 август 2019 година донесе

**Одлука**

Претставката за судир на интереси 09-1961/1 од 26.03.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-1961/1 од 26.03.2019 година, бидејќи Државната комисија постапува по конкретни предмети, односно се впушта во утврдување на состојба на судир на интереси на службени лица, а не на акти.

Предметот со број 09-1961/1 од 26.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1961/1 од 26.03.2019 година е оформен врз основа добиена иницијатива од познат подносител, во која се бара оценување на постоење на конфликт на интереси и можноста за коруптивни дејствија во истата комора, овозможени од нејзиниот Статут. Во наведениот предмет не е наведено дали се работи за одредено лице кое би можело да се најде во состојба на судир на интереси, туку се работи исклучиво за анализа на Статутот од аспект за можноста која ја дава за судир на интереси.

Државната комисија постапува по конкретни предмети, односно се впушта во утврдување на состојба на судир на интереси на службени лица, а не на акти.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk